**ЗАТВОР-КУМАНОВО**
**со Отворено одделение во Крива Паланка**
**Број: 0401-261**
**04.02.2019 година**
**К У М А Н О В О**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), и доставената Конечна ранг листа на кадидати во сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување бр.10-91/6 од 29.01.2019 година, а во врска со објавениот јавен оглас за вработување број 348/2018 објавен на 21.12.2018 година, Директорот на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка на ден 04.02.2019 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За избор на кандидат за вработување по пат на јавен оглас**

1.За работното место 05.УПР0101В04000 Помлад соработник за информатичка технологија, Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и јавни набавки, по јавен оглас број 348/2018 објавен на 21.12.2018 година се избира кандидатот **ЗИЈА НУХИЈИ (идентификациски код 2АА2823)**

2.Со именуваниот ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На ден 21.12.2018 година во дневните весници “Нова Македонија”, “Слободен печат”, “Лајм” и на страницата на Агенцијата за администрација објавен е Јавен оглас број 348/2018 за вработување на 6-извршители од кои 1-извршител на работното место 05.УПР0101В04000 Помлад соработник за информатичка технологија, Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи, правни работи и јавни набавки во КПУ ЗАТВОР КУМАНОВО со Отворено одделение во Крива Паланка.

На ден 04.01.2019 година установата Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка испрати барање бр. 04-57 до Агенцијата за администрација за продолжување на јавниот оглас број 348/2018 за пет дена, на кое беше позитивно одговорено од страна на Агенцијата, при што истиот беше продолжен од 15 на 20 дена, заклучно со 09.01.2019 година.

Со Решение Бр.10-2322/3 од 27.12.2018 година формирана е комисија за селекција за вработување по јавен оглас.Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас спроведе административна селекција за административен службеник и состави записник од административната селекција за административен службеник бр.10-91/3 од 10.01.2019 година.

На ден 21.01.2019 година од истата комисија спроведен е испит за административен службеник и изготвен Записник од спроведениот испит за административен службеник Бр.10-91/4 од 21.01.2019 година.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на ден 29.01.2019 година спроведе и изврши проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и состави Записник од спроведена постапка на веродостојност на докази и интервју за администраивен службеник Бр.10-91/5 од 29.01.2019 година.

Врз основа на доставената конечна ранг листа на кадидати во сите фази на селекција и Предлог кандидати за вработување бр.10-91/6 од 29.01.2019 година, Директорот на КПУ Затвор Куманово со Отворено одделение во Крива Паланка, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8(осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.**

**Директор,**
**МАРЈАН СПАСОВСКИ**

Доставено до :
-избраниот кандидат
-Агенција за администрација
-архива